**ПРЕДЛОГ – ДИВИДЕНТНА ПОЛИТИКА**
**на ВНТП Технокомерц АД Скопје за периодот од 2026 до 2030 година**

**Вовед**

Дивидендната политика на ВНТП Технокомерц АД Скопје за периодот од 2026 до 2030 година, изготвена по предлог на Одборот на директори и усвоена од Собранието на акционери, претставува стратешки документ со кој се дефинираат насоките за распределба на нето-добивката.

Во овој акт се објаснуваат целите, детерминантите, принципите и претпоставките кои претставуваат основа за одлучувањето на органите на управување во врска со приносот на капиталот на акционерите.

**Цели на дивидендната политика**

Тргнувајќи од битието на акционерското друштво и целта поради која е основано, овој акт претставува обид за оптимално хармонизирање на интересите на акционерите, на самото Друштво, на менаџментот, на вработените, на кредиторите и на другите заинтересирани субјекти.

Дивидендната политика придонесува за намалување на неизвесноста во едно крајно динамично опкружување, кое е подложно на интензивни и честопати секавични промени. Таа внесува обврска за менаџментот на Друштвото своите одлуки да ги заснова, покрај на законот и Статутот, и на принципите и целите формулирани во оваа политика.

Со усвојувањето и објавувањето на оваа политика, на постојните акционери и на идните инвеститори им се овозможува одлуките за купување или отуѓување на акциите на Друштвото да ги усогласат со посакуваниот временски хоризонт на вложување и со своите инвестициски цели и преференции.

Поконкретно, дивидендната политика има за цел да обезбеди:

1. Предвидливост во исплатата на дивиденда во еден подолг временски период;

2. Стабилно, ефикасно и транспарентно работење на Друштвото без загрозување на неговата ликвидност и солвентност;

3. Континуиран развој и унапредување на работењето на Друштвото;

4. Можност за прибавување дополнителен капитал под поволни услови за вложување во нови инвестициски проекти;

5. Доволно акумулирана добивка и резерви кои можат да обезбедат успешно работење и во неповолни услови или деловни години.

**Детерминанти на дивидендната политика**

Врз формулирањето на одлуките за исплата на дивиденда влијаат повеќе фактори, од кои како најзначајни се издвојуваат:

1. Стабилноста, односно подложноста на флуктуации на остварената добивка;

2. Временскиот период на постоење на Друштвото, односно специфичната развојна фаза во која тоа се наоѓа;

3. Потребата од одржување на тековната ликвидност за непречено извршување на оперативните активности;

4. Развојните перспективи и неопходноста од обезбедување дополнителни средства за нивно финансирање од сопствени извори;

5. Редовното сервисирање на долговите и обезбедувањето високо ниво на кредитен рејтинг;

6. Рамката поставена со важечката законска регулатива (ЗТД).

**Принципи на дивидендната политика**

Во своето постапување, Друштвото се раководи од следните основни принципи:

1. Стриктно почитување на релевантната законска регулатива;

2. Балансирање меѓу краткорочните и долгорочните интереси на акционерите;

3. Поврзување на висината на исплатената дивиденда со реално остварената нето-добивка;

4. Обезбедување интерес и мотивираност кај акционерите за континуирано зголемување на профитабилноста;

5. Обезбедување на долгорочна финансиска стабилност и пазарен кредибилитет;

6. Благовремена исплата на дивидендата во законски предвидените рокови;

7. Обезбедување максимална транспарентност во сите фази од спроведувањето на политиката.

## Претпоставки врз кои се заснова дивидендната политика

Имајќи предвид дека дивидендната политика се однесува на иден период и зависи првенствено од остварениот профит, среднорочната рамка на ВНТП Технокомерц АД Скопје се заснова врз следните појдовни претпоставки:

1. Остварување на профитабилност на Друштвото во распон од 80% до 120% од последниот остварен тригодишен просек;

2. Континуирано намалување на нивото на задолженост кон надворешни кредитори;

3. Проширување и осовременување на работењето преку инвестирање во развојни проекти и технолошка модернизација.

## Суштина на дивидендната политика (Модел на исплата)

Друштвото во наредниот петгодишен период (2026–2030) ќе применува **комбиниран модел** на исплата:

- Друштвото секоја година ќе се стреми да исплаќа дивиденда во **бруто износ од 50,00 денари по акција**.

- Доколку остварената нето-добивка во изминатата деловна година се зголеми за **повеќе од 20%** во однос на претходниот тригодишен подвижен просек, Одборот на директори може на Собранието на акционери да му предложи исплата на дивиденда **повисока од 50,00 денари** во бруто износ по акција.

- Дивидендата се исплаќа од **добивката од последната година** или од **акумулираните добивки** остварени во претходните деловни години.

## Постапка за спроведување на дивидендната политика

- **Предлог и одлука:** Формалниот предлог-одлука за исплата го утврдува Одборот на директори и го доставува до Собранието. Предлогот содржи податоци за последниот ден на тргување со право на дивиденда (**cum dividend**), првиот ден на тргување без право на дивиденда (**ex dividend**), како и датумот на кој ќе се изврши исплатата.

- **Конечна одлука:** Висината и роковите за исплата ги потврдува Собранието на акционери со конечна одлука.

- **Пресметка:** Вкупниот износ за секој акционер се пресметува како производ од бројот на акции со право на дивиденда и нето-износот на дивиденда по акција.

- **Даночен третман:** Персоналниот данок на доход од дивиденда го пресметува и плаќа Друштвото во моментот на самата исплата.

- **Начин на исплата:** Дивидендата се исплаќа во пари на трансакциската сметка на акционерот. По исплатата, акционерот писмено се известува за сите пресметани и исплатени износи.

**Следење и известување за дивидендната политика**

Одборот на директори редовно ја следи примената на дивидендната политика и најмалку еднаш годишно во Годишниот извештај за работење (согласно член 384 од ЗТД) ги известува акционерите за нејзиното спроведување и реализација.

**Ревизија на дивидендната политика**

Дивидендната политика е подложна на редовна ревизија на секои пет години (наредна редовна ревизија во 2031 година). Во случај на подолготрајни драстично изменети услови на работење или макроекономски шокови, можна е и вонредна ревизија.

**Обврска за обелоденување**

По усвојувањето на дивидендната политика, како и при секоја нејзина идна измена, Друштвото е должно во рок од 24 часа да ја објави на системот СЕИ НЕТ на Македонската берза и на својата официјална интернет страница.

Скопје, 2026 година